Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
30. април, 2024

| | |
|---|---|
| АРХИВСКИ БРОЈ: | УП 31-116/2024 |
| ДО: | Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО - Скопје |
| ВРСКА: | Ваш број 03-207 од 26.04.2024<br>Бул Илинден бр. 92-А, Скопје-Карпош |
| ПРЕДМЕТ: | Решение за упис во Регистарот на трети лица |

Министерството за земјделство, шумарство и водостопанство, врз основа на член 26 од Законот за зоотехника („Службен весник на Република Северна Македонија Македонија" бр.87/23) постапувајќи по барањето УП 31-116/2024 од 26.04.2024 година, поднесено од Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО – Скопје со седиште и адреса на Бул. Илинден бр. 92-А, Скопје-Карпош, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за запишување во Регистарот на трети лица

Во Регистарот на трети лица што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се запишува под реден број 2.

- Име и адреса: Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО – Скопје со седиште и адреса Бул. Илинден бр. 92-А, Скопје-Карпош;
- Шифра на дејност: 85.42 – високо образование;
- Вршење на испитување на продуктивноста или на генетската вредност на животните од видовите: говеда, овци и кози.

## О б р а з л о ж е н и е

Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО – Скопје со седиште и адреса на Бул. Илинден бр. 92-А, Скопје-Карпош, поднесе барање УП 31-116/2024 од 26.04.2024 година за упис во Регистарот на трети лица со потребна придружна документација согласно член 26 од Законот за зоотехника.


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

При вршење на проверка во документацијата се утврдува исполнетоста на условите соглано член 26 од Законот за зоотехника и Правилникот за поблиските барања за вршење на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност на животните кои треба да ги исполнат правните лица за регистрација во Регистарот на трети лица, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на трети лица и формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на трети лица („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 9/24), Министерството за земјоделсво, шумарство и водостопанство решавајќи по барањето на Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО – Скопје, од горе наведената проверка, одлучи Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО – Скопје, да се запише во Регистарот на трети лица.

Решението за регистарција на Република Северна Македонија – Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ", во Скопје – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО – Скопје како трето лице се издава за период од 10 години.

Такса за Решение за упис во Регистарот на трети лица е наплатено во износ од 1.500,00 денари во смисла на член 37 тарифен број 30 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр17/93, 20/96, 7/98, 12/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и 151/21)

ПРАВНА ПОУКА: Согласно член 26 став (9) од Законот за зоотехника против ова Решение барателот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението..

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
Васе Симовска Бошкова

Изработил: м- р Сашо Ѓуровски
Контролира: м-р Жарко Димитриевски


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015